| 34. | Приходи од продажбата на производи и стоки | 241 | | |
| 35. | Приходи од услуги | 242 | | |
| 36. | Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 243 | 897 | 721 |
| 37. | Приходи од членарини, подароци, Донации и приходи од други извори | 244 | 7688026 | 11887423 |
| 38. | Приходи од кирии и закупнини | 245 | | |
| 39. | Сопствени приходи | 246 | 2095629 | 797580 |
| 40. | Други приходи | 247 | | |
| 41. | Пренесен дел од вишокот на приходите од предходна година | 248 | 1413836 | 1131009 |
| 42. | Вонредни приходи | 249 | | 155739 |
| | ВКУПНО ПРИХОДИ ( 240+ 243+ 244+ 245+246 +247+248 +249) | 250 | 11198388 | 13972472 |
| 43. | Непокриени расходи (235 минус 250) | 251 | | |
| | ВКУПНО (250 + 251) = 239 | 252 | 11198388 | 13972472 |

Сметководител: Име и презиме Ана Икономова

ЕМБГ 2412964455094

Сметководител: Име на фирма ______

ЕМБС

Во Скопје

На ден 24.02.2014

Лице одговорно за составување на билансот

М.П.

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ СКОПЈЕ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Раководител

Контролор

Период

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 0 | 4 | 3 | 7 | 7 | 2 | 4 | 9 | | | | | | | | | | | | | | | |

Вид работа | Идентификационен број (ЕМБС) | Резервни кодекси

Назив на субјектот **Здружение ПДАС Мегаши Р.Македонија, Скопје**

Адреса, седиште и телефон **ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје тел.02-2465-316**

Единствен даночен број **4030995179890**

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ ПО ДЕЈНОСТИ (СПД–РЕКАПИТУЛАР)

во периодот од **01.01.** до **31.12. 2013** година

| НКД (Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари)[3] |
|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 1. | 88.99 | Останати дејности на социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место | 13394271 |
| 2. | 46.90 | Неспецијализирана трговија на големо | 577480 |
| 3. | 64.99 | Други финансиско-услужни дејности, освен осигурување и пензиски фондови, неспомнати на друго место | 721 |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |
| 7. | | | |
| 8. | | | |
| 9. | | | |
| 10. | | | |
| 11. | | | |
| 12. | | | |
| 13. | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| НКД<br>(Национална класификација на дејности) | | | Остварени приходи (во денари) [3] |
| Ред. бр. | Класа[1] | Назив[2] | |
| 14. | | | |
| 15. | | | |
| 16. | | | |
| 17. | | | |
| 18. | | | |
| 19. | | | |
| 20. | | | |
| 21. | | | |
| 22. | | | |
| | ВКУПНО ПРИХОДИ (= АОП 250) | | 13972472 |

1)Во колоната за „Класа“ се внесува нумеричка ознака за класа согласно НКД за дејноста од која субјектот остварува приход.

2)Во колоната „Назив“ се внесува описно називот на дејноста според НКД од која субјектот остварува приход.

3)Во колоната „Остварени приходи“ се внесува износот на остварени приходи по дејности.

РЕГИСТРИРАНА ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ (Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

| 8 | 8 | 9 | 9 |
|---|---|---|---|

---

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПРЕТЕЖНО ОД_Останати дејности на социјалната заштита без сместување, неспомнати на друго место

_ДЕЈНОСТ-

| 8 | 8 | 9 | 9 |
|---|---|---|---|

(Со назначување на шифра и назив на класа на дејноста утврдена со НКД)

Лице одговорно за составување на образецот:Име и презиме Ана Икономова

ЕМБГ 2412964455099

Лице одговорно за составување на образецот: Целосен назив на субјектот________________________

ЕМБС

| | | | |
|---|---|---|---|
| Во Скопје<br>На ден 24.02.2014 | Лице одговорно за составување на образецот | М.П. | Раководител |

Контролор

Период

| | 0 | 4 | 3 | 7 | 7 | 2 | 4 | 9 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 11 12 13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23 24 25 26

Вид работа — Идентификационен број (ЕМБС) — Резервни кодекси

**Назив на непрофитната организација, Здружение ПДАС Меѓаши Р.Македонија, Скопје**
**Седиште ул.Коста Новаковиќ бр.22А Скопје**

**БЕЛЕШКА ЗА**

**РАСПОРЕДУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТОТ**

**за периодот од 01.01. до 31.12.2013 година**

(во денари)

| Ред. број | ПОЗИЦИЈА | Ознака АОП | Износ | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Претходна година | Тековна година |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 1. | А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК--ДОБИВКА | 351 | 1178835 | 1064574 |
| 2. | а) Дел од вишокот-добивка за покривање на загуба од претходни години | 352 | | |
| 3. | Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ ( 351 минус 352 ) | 353 | 1178835 | 1064574 |
| 4. | а) Дел за резервниот фонд | 354 | | |
| 5. | б) Дел за деловниот фонд | 355 | | |
| 6. | в) Дел за плати | 356 | | |
| 7. | г) Дел за други намени | 357 | | |
| 8. | д)Дел за пренос во наредната година | 358 | 1178835 | 1064574 |
| 9. | ѓ) Нераспределен дел од вишокот на приходите-добивката | 359 | | |
| 10. | А. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ - ЗАГУБА ВО ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 360 | | |
| 11. | Б. НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ - ЗАГУБА ОД ПОРАНЕШНИ ГОДИНИ | 361 | | |
| 12. | В. ВКУПНА ЗАГУБА ЗА ПОКРИВАЊЕ (360+361) = (363+364+365+366) | 362 | | |
| 13. | а) Покривање на загубата со дотации | 363 | | |
| 14. | б) Покривање на загубата со отпис на побарувањата на доверителите | 364 | | |
| 15. | в) Покривање на загубата со намалување на резервите | 365 | | |
| 16. | г) Непокриени расходи - загуба | 366 | | |

Сметководител: Име и презиме Ана Икономова

ЕМБГ 2412964455094

Сметководител: Име на фирма

ЕМБС

Во Скопје
На ден 24.02.2014

Лице одговорно за составување на билансот

М.П.

Раководител

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ СКОПЈЕ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Додаток 3**

## Годишен извештај за 2013 година

**ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Коста Новаковиќ 22а, Скопје
тел./факс: (02) 2465-316;
info@childrensembassy.org.mk
www.childrensembassy.org.mk

# ЗАВРШЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2013 ГОДИНА

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

**Јануари 2014 година,**
**Скопје**

## СОДРЖИНА

**Програмски активности**

**Со цел добивање подобар преглед на реализираните активности, истите се распределени според двете програмски целини и секторот за Промоција и самоодржливост на Детската амбасада Меѓаши:**


**I. ДИРЕКТНИ СЕРВИСИ ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК**

I.1. СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222 (бесплатна линија)
I.2. Психо-социјално советувалиште
I.3. Бесплатна правна служба
I.4. Дневен центар за деца кои не одат на училиште
I.5. Сервис за материјална поддршка на социјално загрозени семејства

**II. ПРОМОЦИЈА/ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

II.1. Мониторинг на Детските права
II.2. Промоција на правата на детето и застапување и лобирање
II.3. ПРЕЦЕДЕ - Партнерство за помирување преку рано детско образование и развој во Европа
II.4. Мировно образование

**III. ПРОМОЦИЈА И САМООДРЖЛИВОСТ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ**

III.1. Промоција на социјалната одговорност
3.1. Новогодишни честитки - форма на поддршка од социјално одговорни компании и граѓаните/ките
3.2. Касички за донации - поддршка од страна на граѓаните/ките
3.3. Донации од социјално одговорни компании и граѓани/ки
III.2. Промоција на работата и активностите преку социјалните мрежи, е-билтен и веб страната на Детската амбасада МЕЃАШИ
III.3. Организирање специјални настани за прибирање средства.

# I. ДИРЕКТНИ СЕРВИСИ ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦА ВО РИЗИК

## *I.1. СОС телефон за деца и млади 0800 1 2222 (бесплатна линија)*

СОС телефонот за деца и млади функционира веќе 21 година (од октомври 1993 година) и досега се регистрирани повеќе од 18.500 повици. Детскиот СОС телефон претставува служба за директна помош и поддршка на децата, младите и нивните семејства. Со телефонскиот повик децата може да добијат помош и информации, стручен совет, психо-социјална поддршка или едноставно да разговораат за проблемите со кои се соочуваат, а за кои немаат со кого да поразговараат. Токму затоа стручниот тим на СОС линијата го сочинуваат педагози, психолози, социјални работници, психотерапевти и волонтери од овие профили кои во разговорите не даваат готови решенија на проблемите туку разговараат за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој ни се јавиле. Во продолжение се активности кои ја обележаа 2013 година во работата на СОС телефонот.

- **Јавувања на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 22222**

На СОС телефонот за деца и млади во текот **на 2013 година** се регистрирани **279 контакти**, со кои подоцна дополнително сме комуницирале **969 пати**. Вкупниот број на деца жртви опфатени во пријавените случаи е **408 деца.** Во текот на 2013 година во Детската амбасада Меѓаши се имаат обратено **279 јавувачи**, од кои **12 се деца**, а останатите **267 се возрасни лица**. Од возрасните лица кои пријавиле случај 4 се анонимни, 2 случаи има произлезено од одредена информација од медиумите и во 3 случаи дојавувач е правно лице.

Во споредба со 2012 година е забележан мал пад во бројот на јајувањата на СОС телефонот, кога биле регистрирани 397 контакти. Намалениот број на јавувања на СОС телефонот сметаме дека се должи на зголемувањето на достапните начини на кои граѓаните може да не контактираат, па така имаме зголемен број на контакти на face book страната и на е миал адресата.
Контактот со Детската амбасада Меѓаши освен со јавување на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222, може да биде остварен и со јавување на фиксниот телефон на Првата детска амбасада Меѓаши 2465-316, преку нашата е-маил адреса sos@childrensembassu.org.mk и info@childrensembassy.org.mk, на facebook страната на Првата детска амбасада Меѓаши, преку пошта и со дирекно доаѓање во просториите на Првата детска амбасада Меѓаши.

Од податоците со кои располагаме можеме да дојдеме до заклучок дека во периодот од 20 години колку што постои СОС телефонот за деца и млади е разговарано со повеќе од 11.005 деца, родители и други возрасни лица. Обавени се повеќе од **19.700 разговори** и добиени се повеќе од **20.000 повици**.

Во почетокот со отворањето на СОС телефонот за деца и млади децата се јавувале за проблеми кои се поврзани со нивниот период на растење и равивање како: нарушена комуникација со врсниците, родителите, лични и љубовни проблеми, проблеми со самоприфаќање итн. Поседните години проблемите за кои се однесуваат на децата се повеќе се поврзани со насилство врз децата( физичко, психолошко,сексуалано), поврзани со прекршување на правата на децата при бракоразводни постапки, проблеми со сиромаштија, невклученост во образовен процес, злоупотреба на детски труд, интернет злоупотреба итн. Сама природа на проблемите со кои се соочуваат децата наложува јавувањата да бидат повеќе од страна на возрасните.

- **Презентација на годишниот извештај за работата на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 и на Бесплатната правна служба за 2012 година**

Со цел јавноста соодветно да се информира за најчестите форми на прекршување на детските права, како и за проблемите со кои се соочуваат деца, беше подготвен Годишен извештај за работата на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222. Истиот беше презентиран на прес конференција која се одржа на 31.01.2013 година на кој учество зедоа голем број на медиуми. На оваа презентација повторно ги нагласивме проблемите со кои се соочуваат децата, како и најзастепените форми на прекршување на правата на децата: прекршувања во текот на бракоразводни постапки, семејно насилство и насилство на улица, како и егзитенцијални проблеми со кои се соочуваат семејствата. Сиромаштијата е една од причините поради која се прекршува правото на детето на образование, здравствена заштита, грижа, игра и слобода.
Извештаите од работата на СОС телефонот за деца и млади се дистрибуираат електронски на повеќе од 10.000 електронски адреси. Види повеќе на http://www.childrensembassy.org.mk/sos-telefon-za-deca-i-mladi-0800-1-22-22.nspx

- **Оформување тим од волонтери/ки**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши како организација е отворена за соработка, обука и вклучување на волонтери во своите активности. СОС телефонот за деца и млади како сервис за директна помош и поддршка на деца има специфичен начин на работа, кој гарантира анонимност и дискреција на изнесените лични податоци, проблеми итн. Со цел совесно и одговорно да се одговори на задачата на СОС телефнот за деца и млади, Детската амбасада Меѓаши вклучува волонтери во работата на СОС службата. Пред вклучување на волонтерите во работата на Детската амбасада Меѓаши се врши селекција на истите каде што одредено влијание имаат и дел од личносните карактеритики,

како што се: немање стеротипи и предрасуди, силни морални и етички вредности, лојалност, самокритичност, емаптија, одговорнот, итн. Потоа се спроведува интервју и се одлучува кој од волонтерите ќе се приклучат во работата на СОС телефонот за деца и млади, а кои во Бесплатната правна служба или другите програмски активности на Првата детска амбасада Меѓаши.

**- Обука низ работа за волонтерите/ките**

Волонтерите пред да започнат директно да одговараат на повиците на СОС телефонот поминуваат обука низ работа. Обуката се спроведува во два дела.
Прво волонтерите/ките се запознаваат со работата на СОС телефонот за деца и млади, како основните начела, принципи на работа, најчести проблеми со кои се соочуваат децата.
Вториот дел е практична работа. Волонтерите/ките одговараат на повиците на СОС телефонот во присутво и супервизија на Координаторот на СОС телофонот за деца и млади. На овој начин во 2013 година обучени се 16 волонтери/ки за работа на СОС телефонот за деца и млади.

- **Информирање на јавноста за проблемот со домување на мајка со две малолетни деца**

Во текот на месец јули 2013 година на СОС телефонот за деца и млади се обрати мајка на две малолетни деца која како жртва на семејно насилство беше избркана од домот на сопругот. Таа подоцна во неколку наврати дојде во просториите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши со цел да се посоветува за начините и можностите за згрижување. Според нејзините кажувања, во текот на месец јули на одреден период била згрижена кај пријатели и роднини кои по одредено време не биле во состојба да и помогнат. Кога се обрати кај нас заедно со нејзините деца, од кои едното беше на возраст од 11 месеци, а другото на возраст од 2 години, немаше веќе каде да оди. Заедно со одделението за промоција и одржливост се обидовме да и најдеме привремено сместување, но никој не одговори на нашето барање. Единствено Кризниот центар „Надеж“- ни одговори дека може да биде сместена кај нив најмногу 48 часа. Со цел да и помогнеме во согласнот со мисијата на Првата детска амбасада Меѓаши за заштита на децата, се согласивме привремено жената да биде сместена во нашите простории. За таа цел, во насока да и обезбедиме подобар и побезбеден престој, ангажиравме волонтер кој беше со неа 3 дена. По барање на мајката организиравме прес конференција на која таа го сподели својот проблем. По завршувањето на конференцијата добивме повик од градоначлникот на општина Чучер Сандево кој изрази желба да помогне. Мајката заедно со своите деца

следниот ден беше сместена во манастирот св. Илија во селото Бањани. Преставници од Првата детска амбасада во светот Меѓаши беа на состанок со градоначалникот на оваа општина и на истиот овој состанок присутвваа и претставници од Центарот за социјална работа-Скопје. На овој состанок беше договорено дека мајката ќе биде сместена привремено во манастирот, а општината ќе се обиде да и обезбеди куќа. Од страна на градоначалникот беше предложено да добие и жителство доколку сака постојано да живее во оваа општина, како и вработување. Додека овие предлози се реализираат,планот е таа да биде во манастирот при што од општината ќе и обезбедат храна. Првата детска амбасада во светот Меѓаши е во контакт со жената, нашите разговори се и советодавни со цел да и помогнеме во нејзините напори за личен раст и развој и зголемување на нејзините родителски капацитети.

**- Учество на работилница наменета за работата на СОС телефоните и презентација на работата на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222**

Во текот на месец март 2013 година бевме поканети од граѓанската организација „Отворена порта“ да учествуваме на 3 дневна работиница на која беа поканети и неколку други граѓански организации кои имаат СОС телефон за најразлични проблеми. На оваа работилница беше презентирана работата на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222.

**- Работен состанок со меѓународната организација „Smile of the children“**

Во месец април 2013 година се одржа работен состанок со меѓународната организација „Smile of the children“- која се грижи за заштита на кинднапирани и исчезнати деца. Целта на состанокот беше СОС телефонот за деца и млади да се хармонизира со европскиот број 116 000. На овој состанок присуствуваше и претставник од Министерството за внатрешни работи на Република Македонија. На состанокот беа разгледувани начините и принципите на работа на овој телефон како и потребата од отворање на истиот.

**- Хармонизација на СОС телефонот за деца и млади со Европскиот број 116 111 и 116 000**

Водени од препораката на Комитетот за правата на децата од Женева кој го препознава значењето на СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 и неопходноста истиот да се хармонизира со европскиот број 116 111, со што децата би можеле бесплатно да се јават 24/7 од сите мобилни и фиксни опратори во

државата и на таков начин бројот би станал подостапен за сите категории на граѓани, организиравме состанок со претсавник од Агенцијата за електронски комуникации кој ни ја објасни постапката за добивање на истиот. Постапката е во тек.

- **Одбележување на 20 години од потоењето на СОС телефонот за деца и млади 0800 12222**

Во 2013 година СОС телефонот го одбележа своето 20 годишно постоење. За оваа цел на 23.10.2013 година беа спроведени следниве активности. На неколку локации во Скопје, поточно пред трговскиот центар Бисер, Трговскиот Центар Сити Мол, Градскиот парк во Скопје и Зоолошката градина во Скопје беа поделени: лифлети, балони и пенкала. За оваа намена беа поделени околку **5000 лифлети, 200 балони и 200 пенкала** на кои беше испечатен СОС телефонот за деца и млади. Во текот на оваа акција учествуваа 10 волонтери и дел од вработените во Првата детска амбасада Меѓаши. Граѓаните, децата и младите беа информирани за СОС телефонот за деца и млади, неговото значење како и неговите постигнувања во текот на овие години. За нас значајно беше, што скоро сите граѓани со кои стапивме во контакт веќе беа информирани за СОС телефонот за деца и млади 0800 1 2222 и неговата цел.

### *I.2. Психо-социјално советувалиште*

**Советувалиште за директна помош и поддршка**

Во 2013 година одржани се вкупно **196 средби** со родители и деца. Родителите и децата се обраќаа со цел да добијат психолошка помош и подршка за најразлични проблеми со кои се соочуваат. Најчесто не контактираа за: нарушена комуникација, психолошко насилство, проблеми на училиште, семејно насилство, проблеми при брако-разводни постапки, проблеми со начинот на остварување на родителското право, начини на воспитување итн.

### *I.3. Бесплатна правна служба*

Во зависност од видот на проблемот за кои ни се обраќаат јавувачите, паралелно со СОС службата функционира и бесплатната правна служба. Истата постапува со писмени обраќања до различни државни и социјални институции, ги следи постапките кои ги преземаат овие институции и реагира доколку не постапуваат во најдобар интерес на децата. Во 2013 година бесплатната правна служба постапуваше со **23 писмени обраќања** до соодветните институции. Најголемиот број од писмените претставки, 11 на број беа испратени до Центрите за социјална работа ,7 беа испратени до Народниот Правобранител, 5 писмени преставки беа испратени до останати

надлежни институции. Досегашниот број на пратени претставки, односно **од 23**, добиени се **15 одговори**, од кои 7 одговори се добиени од Народниот Правобранител, 6 одговори се добиени од Центрите за социјална работа и 2 одговори се добиени од останатите надлежни институции. Бесплатната правна служба писмено се обраќа доколку дојавувачот го бара тоа од нас. Многу често се случува јавувачите да побараат само да ги информираме за процедурите и начините и институциите каде треба да се обратат во зависност од нивниот проблем. Исто така често се случува јавувачите првично да сакаат ние да се обратиме со писмено барање до соодветна институција, но по одредно време да ја променат својата одлука. Со цел да нема недоразбирања ги замолуваме дојавувачите да размислат за начинот на кој сакаат да постапат и доколку сметат дека ние како организација треба да ги информираме соодветните институции ние им стоиме на располагање. Ако го земеме во предвид овој факт Бесплатната правна служба постапувала, со информација или писмено обраќање за сите јавувачи кои пријавиле некаков проблем во Правата детска амбсада во светот Меѓаши без оглед на начинот на дојава.

### *I.5. Дневен центар за деца кои не одат на училиште*

Дневниот центар за деца кои не одат на училиште функционира во Детската амбасада Меѓаши од месец јуни 2007 година. Од исклучително важно значење за овие деца е продолжувањето на работата на Дневниот центар за да не го изгуби ефектот сето она што досега е направено. Децата веќе стекнаа навика да доаѓаат тука, редовното доаѓање им беше многу значајно и дури бараа почесто да го посетуваат Дневниот центар.

Имајќи предвид во какви услови живеат доаѓањето во Дневниот центар е можност и за намалување на штети. Понекогаш во центарот доаѓаа и помалите членови на семејството со цел да се избањаат, да добијат барем една ужинка во денот и да поминат малку време во топла просторија. Децата и нивните семејства исто така добиваат облека, обувки (како донации од граѓаните), обезбеден им е полесен пристап до здравствената заштита и остварување на нивите права...

Ние овозможуваме згрижување на децата кои не одат на училиште, а кои живеат на територијата на Општина Аеродром каде всушност се наоѓа и Детската амбасада. Многу е значајно за оваа целна група Дневниот центар и физички да биде поблиску до местото на нивно живеење. Така не само децата туку и останатите членови на семејствата ги користат услугите на нашиот Дневен центар. Децата кои не одат на училиште, се изложени на здравствени ризици

бидејќи имаат многу малку облека на нив особено во зима. На здравствени ризици се изложени и поради условите во кои живеат. Имено најголем дел од нив живеат во импровизирани куќи од картонски кутии и најлони, без струја и вода, без санитарни чворови. Поради лошите економски услови децата не се хранат редовно, ниту квалитетно. Главна цел на Дневниот центар е да им се овозможи на децата на улица и уличните деца инклузија во општеството,психо-социјална поддршка и интервенција преку вонинституционална форма на социјална заштита. Во рамките на Дневниот центар се нудат најразлични услуги во зависност од потребите на децата (одржување на хигиената, овозможување примарна здравствена заштита, групна социјална работа, застапување и лобирање за заштита на нивните права, поддршка на нивните родители...).

Семејствата чии деца ги користат услугите на Дневниот центар исто така кога сакаат облеката од децата ја добиваат испрана бидејќи ние располагаме со машина за перење и за сушење.

- **Подобрување на условите и ресурсите за работа во Дневниот центар**

Во текот на месец јануари 2013 година децата кои го посетуваа Дневниот центар беа на распуст. Овој период беше искористен за подобрување на условите во Дневниот центар и подобрување на ресурсите.

За таа цел беа спроведени следниве активности:

- Детално беа исчистени и реорганизирани просториите каде што престојуваат децата. Со реорганизацијата обезбедивме уште една просторија која е наменета за децата, во која можат да ги оставаат сите материјали кои ги користеле за време на престојот во Дневниот центар.
- Беше изготвен правилник за работата во Дневниот центар. Со овој Правилник се дефинираат постапките и процедурите за работа со децата во Дневниот центар. Со овој правилник се објаснети и кодексите на однесување на децата, вработените, волонтерите со цел да се осигура непречено одвивање на активностите.

**- Обезбедување на волонтери/ки и нивна обука**

За оваа цел беше објавен Оглас за волонтери/ки кој беше поставен на Филозовски факултет во Скопје и на facebook страната на Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Повикот за волонтери беше наменет за сите дипломирани или студенти во завршните години (социјални работници, педагози, психолози, социолози) и сите

оние кои сакаат дел од своето време креативно да го икористат и да им помогнат на децата во Дневниот центар полесно да се интегрираат во општеството. Со сите заинтересирани кои одговорија на повикот за волонтери беше извршен разговор во кој беше објаснет начинот на работа и акцент беше ставен на тоа и самите волонтери активно да учествуват во креирање на активности и програма за работа. Обуката беше во текот на месец јануари и почеток на февруари. Истата се одвиваше во два дела. Првиот дел беше запознавање со работата, етичкиот кодекс на организацијата, проблемите со кои можеби ќе треба да се соочат во текот на работата итн. Вториот дел беше практична работа под супервизија на координаторот на Дневниот центар.

**- Прифаќање на децата и организирање на нивниот престој**

Во периодот од февруари до јуни 2013 година и од септември до декември 2013, Дневниот центар функционираше со полн капацитет секој работен ден од 09.30-13.30 часот. Родителите/ стартелите пред да почнат да ги носат децата во Дневниот центар беше потребно да пополнат пријава во која се согласуваат да ги носат и земаат децата во наведениот период, како и да остават податоци за контакт. Исто така потребно беше да не информираат дали децата имаат лични документи (извод од матична книга на родени и државјанство) со цел да им помогнеме во постапката на вадење документи. По пристигнувањето на деца се започнува со спроведување на планиратите активности. На децата во текот на престојот во Дневниот центар обезбеден им е појадок и ужинка. Храната се подготвува непосредно пред нивното доаѓање. По завршувањето на појадокот, кој е во периодот од 10.00-10.30 часот, започуваат со спроведување на програмата. Децата се запознаваат со буквите, учат основни математички операции, цртаат, гледаат телевизија, користат компјутер итн.

**- Обезбедување облека и обувки**

За среќа голем број од граѓаните имаат практика својата користена облека, обувки и др. да ги донираат во Првата детска амбасада во светот Меѓаши. Во овој перид продолжија со таа своја практика. Со две физички лица направени се и договори за донирање на користена облека и обувки. Облеката и обувките кои ќе се добијат се наменети првенствено за децата од Дневниот центар и нивните семејства, но и за сите други граѓани на кои им е потребна ваков вид на помош. Во месец мај 2013 година на 35 деца од Дневниот цента им беа купени патики.

**- Обезбедување храна**

Храната за децата кои го посетуваат Дневниот центар се обезбедува преку донација на храна од стана на бизнис секторот, други донатори и проекти.

**- Обезбедување на медицинска помош**

Во текот на месец мај 2013 година на децата им беше обезбедена неопходна медицинка помош. Имено родителите кај нас доаѓаа со барање за помош за купување лекови. Тие не информирааа кои лекарства им се потребни на децата и ние им ги купуваме врз основа на рецепт, или препорака од лекар. На некои семејства кои имаат бебиња им беа купени и пелени.

- **Помош при вадење лична документација**

Врз основа на информациите кои ги добивме на 26 деца успеавме да им ја обезбедиме неопходната документација. 24 деца имаа потреба од државјанство, додека 6 деца имаа потреба и од извод од матична книга на родените.

**- Активности за вклучување на децата во редовен образовен процес**

Како резулатат на започнатите активноти во февруари 2013 година и комуникацијата со локалананата самоуправа и училштата, три деца се запишани на училиште**.** Бидејќи станува збор за деца кои доаѓаат од социјално загрозено семејство имаше проблем кој се однесуваше на посетувања на целодневна настава. Во училиштето каде децата треба да бидат запишани според Законот за локална самоуправа немаше класична настава. Родителите не беа во можност да плаќаат целодневен престој поради нивната тешка финансиска состојба што е и една од причините за ненавременото запишување на децата во училиште. По спроведени разговори со општината и училиштето, деца се запишани и ќе посетуваат само класична настава.

**- Обележување на 12 април - Меѓународен ден на децата на улица**

По повод одбележувањето на овој ден, Првата детска амбасада во светот Меѓаши ги покани и децата од Дневниот центар при Здружението за заштита на децата да учествуват на информативна работилница за правата на децата, при што акцент беше ставен на заштита на децата од злоупотреба на детскиот труд. Децата имаа можност да ги споделат своите мислења, искуства како и меѓусебно да се запознаат. По завршувањето на работилницата децата беа однесени на прошетка во Зоолошката градина во Скопје каде имаа можност одблиску да ги погледнат животните и да се информираат за нивното потекло, начинот на живот и слично.

### - Едукативни посети и прошетки

Во текот на месец април и мај 2013 година децата од Дневниот центар беа однесени на неколку едукативни посети.

- Посета на Музеј на Македонија - На 18 април, 17 деца од Дневниот центар заедно со тројца волонтери и координаторот беа во посета на Музеј на Македонија. Децата љубопитно ги разгледуваа носиите и другите експонати во мјузејот и со големо внимание го слушаа и му поставуваа прашања на едукаторот. Особен впечаток им оставија: килимите, Ромската носија, селската соба и накитот.

- Посета на Кино Милениум - На 22 април 2013 година, 18 деца од Дневниот центар заедно со двајца волонтери отидоа на кино. Децата го гледаа анимираниот филм „Мадагаскар". Филмот што го гледаа децата беше внимателно избран, со цел да биде соодветен на возраста на децата, а особено внимававме на пораките кои филмот може да ги пренесе преку својата содржина.

- На 13 мај 2013 година, 10 деца од Дневниот центар беа во игротеката „Имагинариум". Со оглед на фактот дека децата за прв пат беа во игротека, тие беа возбудени уште на самиот влез. Тие слободно ги користеа сите реквизити, но најмногу сакаа да скокаат на трамболината и да се лизгаат на лизгалките. По посетата на игротеката дружбата продолжи на ручек.

### - Соработка со Министертсво за труд и социјална политика на РМ

Министерство за труд и социјална политика (МТСП) на Република Македонија финасиски ги поддржа дел од активностите на работата на Дневниот центар за периодот од јануари до мај 2013 година или вкупно за 5 месеци. Во текот на овој период остварувавме поинтензивна комуникација со Министерството која беше поткрепена со месечни извештаи кои Детската амбасада Међаши ги доставуваше до МТСП.

### - Соработка со бизнис секторот

Соработката со бизнис секторот е неопходна ако се земе предвид фактот дека Дневниот центар функционира континурано од 2007 година, а досега само двапати финансиски е поддржан од страна на Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија**.** Повеќе за донаторите види во делот 3 од овој извештај - Промоција и одржливост.

**- Прифаќање и дистрибуција на користена облека и обувки**

Детската амбасада Меѓаши прифаќа и дистрибуира користена облека која ја добива од граѓаните. Децата кои го посетуваат Дневниот центар и нивните семејства, како и други граѓани кои имаат потреба од ваква помош слободно секој работен ден во периодот од 08.00-15.00 можат да ја разгледаат добиената облека и обувки и според потребите да земат тоа што им е потребно. Голем број од граѓаните облеката која ја донираат само ја оставаат и не сакаат да бидат евидентирани.

***I.5. Сервис за материјална поддршка на социјално загрозени семејства***

Детската амбасада Меѓаши од почетоците на своето работење спроведува и развива активности од социјално хуманитарен карактер. Социјалната служба постои и одговара на потребите на одреден број лица кои бараат разни видови на помош (хуманитарна-храна, лекови, облека, хигиенски средства, правна заштита, посредување итн.).

Како и досега и во 2013 година социјалната служба составена од неколку социјални работници-студенти кои беа ангажирани да им помагаат на дел од лицата кои се обратија за помош што подразбира обраќање до владини и невладини институции, поврзување со други невладини институции кои нудат услуги од јавен интерес, барање на различен вид на подршка и помош од други организациии или фирми.

## II. ПРОМОЦИЈА/ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО И МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### II.1. Мониторинг на детските права

Првата детска амбасада во светот Меѓаши и во 2013 година работеше во насока на промовирање, лобирање и застапување за детските права и спроведувањето на Конвенцијата за правата на детето. Детската амбасада Меѓаши ја следеше и состојбата со детските права во Република Македонија како и работата на државните институции и на единиците на локалната самоуправа во делот на нивно постапување кога се работи за заштита на децата и нивните права.

Детската амбасада Меѓаши мониторира што преземаат овие институции како надлежни за да обезбедат почитување на детските права и како тие постапуваат во ситуации кога детските права се повредени, оспорени или загрозени. Ние го следиме имплементирањето на правата на децата во Република Македонија, особено на децата припадници на маргинализирани групи. Мониторирањето се врши преку редовните сервиси кои функционираат во Детска амбасада Меѓаши: СОС телефон за деца и млади (бесплатна линија); Бесплатна правна служба; Детски работилници; Дневен центар за деца кои не одат во училиште.

- **Подготвителни активности, дефинирање на тимот и координаторите од организациите-членки на Коалицијата на НВОи кои ќе работат на процесот на мониторирање на детските права**

Во текот на месец јануари 2013 година беа преземени подготвителни активности за реализирање на мониторинг на состојбата со правата на децата во Република Македонија од страна на неформалната Коалиција на невладини организации за правата на децата, чии координатор е Првата детска амбасада во светот Меѓаши.

- **Состаноци со организациите членки на неформалната Коалиција на невладини организации за правата на детето**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши како координатор на оваа Коалиција во текот на месец февруари и март 2013 година одржа поединечни состаноци со сите 14 организации-членки на Коалицијата. За време на овие состаноци во прв ред се прецизира меѓусебните релации и начинот на соработка на организациите членки со координаторот на оваа Коалиција. Потоа се дискутираше за поставување на индикаторите според кои ќе се врши собирање на податоците, начинот на собирање и сл.

- **Поставување на индикатори врз основа на кои ќе се собираат податоци**

Секоја организација-членка согласно својата мисија и област од детските права во која работи, постави индикатори врз основа на кои ќе може да собере податоци. Овие индикатори беа испратени до Детска амбасада Меѓаши и поставени во една нацрт верзија на индикатори согласно Конвенцијата за правата на детето и Препораките кои Комитетот на Обединети нации за правата на детето ги испрати до Република Македонија во јуни 2010 година.

**- Работни состаноци со УНИЦЕФ**

Во текот на месец февруари и март 2013 година беа органзизирани неколку работни состаноци со УНИЦЕФ на кои се дискутираше кои членови од Конвенцијата за правата на детето ќе бидат предмет на мониторинг, врз основа на кои индикатори и кои од податоците ќе се собираат на национално, а кои на локално ниво. Па така беше утврдено дека за дел од индикаторите ќе се собират податоци на локално ниво и предмет на истражување ќе бидат 14 рурални и 14 урбани општини. Целта е да се добие слика за степенот на (не)почитување на правата на децата во различни општини во Република Македонија.

**- Обука за членовите на Коалицијата на НВОи**

Од 13 до 15 март 2013 година во органиацијa на УНИЦЕФ и Детска амбасада Меѓаши се спроведе обука за членките на Коалицијата. Агендата на спроведената обука предвидуваше детално запознавање со Конвенцијата за правата на детето, значењето на подготвување на мониторинг извештаи за состојбата со правата на детето и пристаспот во подготовка на овие извештаи. Воедно на обуката беа и детализирани индикаторите, начинот на собирање на податоците согласно индикаторите, а беа и подготвени прашалници кои подоцна се користеа за собирање на податоците. Беа утврдени и временски рокови во кои ќе се реализираат активностите како и начинот на доставување на тие податоци до Детска амбасада Меѓаши.

- **Собирање податоци од страна на членовите на Коалицијата**

Во текот на месец април 2013 сите членки на Коалицијата собираа податоци според договорениот план. Беше спроведено наменско истражување кое се однесуваше на вклученоста на децата Роми во предучилишното образование; вклученоста и третманот на децата со посебни образовни потреби во редовното основно образование; учеството на средношколците во донесување на одлуки на ниво на средните училишта и средношколското организирање.
Друг дел на организациите кои водат одредни податоци за одредена област од детските права, како дел од нивната секојдневна работа, истите ги адаптираа на поставените индикатори, ги сублимираа и анализираа и ги споделија за потребите на овој извештај. Па така беа анализирани и податоци од областа на правата на децата корисници на дрога; децата жртви на продажба, трговија и киднапирање; беа анализирани и податоци од областа на малолетничката правда: имунизацијата на децата, информираноста на младите за начинот на пренесување на ХИВ вирусот и начините за заштита и сл.

**- Анализа на собраните податоци од страна на координаторот на Коалицијата и подготовка на Извештај за состојбата со правата на децата во Република Македонија**

По добиените податоци најглем дел од органиациите членки ги анализираа согласно својата област која ја покриваат. Подоцна беа испратени до Детска амбасада Меѓаши како организација-координатор. Координаторот направи дополнителни анализи и сите добиени податоци беа претставени заедно со цел да се добие појасна слика .

Тоа беше појдовна основа во подготовката на Извештајот за состојбата со правата на децата во РМ. Извештајот беше структуриран така што се дадени воведни напомени за целиот процес, начинот на спроведување, учеството на организациите и областите кои се покриваат. Потоа главниот дел е посветен во приказ на добиените резулатати како и главните согледувања врз основа на тие резултати. Извештајот се заокружува со давање препораки за кои мерки и активности е потребно да бидат преземени за да се подобри сосојбата со правата на децата во Македонија.

- **Печатење на Извештајот за остварување на правата на децата во Република Македонија**

Во текот на месец јули 2013 година беше испечатен Извештајот за остварување на правата на децата во Република Македонија во 250 примероци само на македонски јазик затоа што така беше планирано во самиот проект. Подоцна, со цел да има поголема дисеминација на извештајот и да биде запозната пошироката јавност, од страна на УНИЦЕФ истиот беше преведен на англиски јазик и беше испратен до нас. Овој превод постои само во електронска форма.

**- Прес конференција на која беа презентирани главните наоди од мониторингот на состојбата со правата на децата во РМ**

Првата детска амбасада во светот Меѓаши како координатор на споменатата Коалиција на 11 септември 2013 во просториите на Детската амбасада Меѓаши организаираше прес конференција на која го презентираше Извештајот за мониторинг на правата на децата, Оваа прес конференција ја проследина 6 медиуми како и претставници на канцеларијата на УНИЦЕФ во Македонија.

- **Дистрибуција на Извештајот во медиумите, социјалните мрежи и релевантните чинители во областа на правата на децата**

Извештајот покрај што беше претставен пред медиумите истиот беше дистрибуиран до нив во електронска форма. Потоа беше ппставен на веб страната на Детската амбасада Меѓаши и на неколку социјални мрежи. Извештајот во печатена форма беше дистрибуиран до невладините организации вклучени во подготовката на извештајот, до дел од надлежните институци и до дел од средните училишта во Македонија.

**- Работни состаноци со УНИЦЕФ**

Во текот на месец септември и месец декември беа организирани работни состаноци со УНИЦЕФ на кои се дискутираше за продолжување на соработката со УНИЦЕФ и во следната 2014 година, за начините на поддршка од страна на УНИЦЕФ за Коалицијата, пристап во работата и сл. Овие состаноци имаа позитивен исход и финансиската поддршка од страна на УНИЦЕФ ќе продолжи и во следните 2 години.

***II.2. Промоција на правата на детето***

**- Работилници за правата на децата и мировно образование**

Во овој период беа одржани три работилници за правата на децата и мировното образование во училиштата ОУ „11 Октомви" - Куманово, ОУ „Љубен Лапе"- Скопје, ОУ „Ѓорѓија Пулевски" - Скопје. Во рамките на овие работилници повеќе од 50 деца беа информирани за нивните права. Децата имаа можност да поразговараат за одредени теми за кои немаа доволно информации како: дискриминација, сексуална злоупотреба, интернет злоупотреба итн.

Во текот на овие работилници, децата на креативен и интерактивен начин, согласно нивната возраст, учеа за своите права и со помош на сликички тие сами ги дефинираа нивните потреби и желби и истовремено на тој начин учеа и кои се нивните права.

Сите деца кои ја посетија Детска амбасада добиваа информации и за бесплатниот СОС телефон 0800 1 2222 и ја посетија просторијата каде се наоѓа СОС телефонот, за да добијат подобра визуелизација за тоа како изгледа еден телефон каде што можат да се обратат секогаш кога ќе имаат проблем, прашање или потреба да разговараат со некого и да ги споделат своите мисли.

Работилниците за детски права беа водени од Јана Зенговска, Координатор на СОС телефонот за деца и млади и Албулена Карага - мировна работничка.

- **Работилници за правата на децата со посебни образовни потреби, наменети за наставниците**

На 23.04.2013 и на 24.04.2013 година беа спроведени две работилници во две училишта за деца со посебни образовни потреби: „Др. Златан Сремац"- Скопје и „Иднина"- Скопје. Целта на овие работилници беше да се зголеми свесноста кај наставниците за правата на овие деца, со цел соодветно да одговорат на нивните потреби и да ги заштитат согласно Конвенцијата за правата на децата.

### *II. 3 ЕУ ИПА проект ПРЕЦЕДЕ: Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа*

Во последно време, во медиумите и јавниот живот значајно место заземаат информациите за се поизразената тенденција за поделба по етничка основа во училиштата. Постојат многу истражувања и претпоставки за главните причини за ваквата тенденција кои укажуваат на голем број слабости на национално и училишно ниво. Имајќи предвид дека мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование, Првата детска амбасада во светот Меѓаши од декември 2012 година започна со спроведување регионална ЕУ ИПА Програма-Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа – ПРЕЦЕДЕ.

Програмата преставува регионално партнерство помеѓу организации од граѓанскиот сектор на 6 држави од Западен Балкан и Европа. Во партнерството, на национално ниво како претставник од граѓанскиот сектор се јавува ПДАС Меѓаши од Република Македонија, додека останатите организации потекнуваат од соседните земји, како на пр. Србија, Хрватска, Албанија, Косово и Северна Ирска како земја претставник од Европска Унија.

Главната цел на ПРЕЦЕДЕ е да се зајакнат капацитетите на организациите од граѓанскиот сектор на Балканскиот регион и во Европа, и да се поддржат во процесот на помирување и единство преку едукација во раните години. Преку проектот ќе се формираат одрживи национални и регионална мрежа од граѓански организации кои ќе промовираат прифаќање на другите и почитување на различностите од најрана возраст т.е. децата од предучилишна возраст, заедно со промовирање и прифаќање на другите, како и почитување на различностите преку предучилишното воспитување и образование во земјите на Западниот Балкан. Активности во рамките на оваа Програма кои се реализирани во 2013 година се:

- **Вовед во проектот и формирање проектен тим**

На 1.02.2013 беше формиран новиот работен тим кој се состои од проект координатор, проектен асистент и финансиски менаџер. Тимот започна со работа на ЕУ ИПА проектот Партнерство за помирување преку ран детски развој и образование во Европа. За таа цел проект координаторот имаше неколку состаноци заедно со Програмскиот раководител и Извршниот директор и останатите лица од проектниот тим му беа предадени сите релевантни документи потребни за имплементација на активностите (партнерските договори, проектната апликација, логичката рамка, буџетот, планот на активности, timesheet-овите, форматот за известување). Во наредниот период проект координаторот се насочи кон имплементација на воведната фаза од проектот.

- **Воведна конференција за ПРЕЦЕДЕ**

Кон крајот на месец февруари во рамките на проектот се одржа Воведната конференција за презентација на проектот т.е. неговите цели и очекувани резултати. На конференцијата беа поканети претставници од владини и невладини организации како и новинари од најразлични медиуми. Конференцијата беше водена од проект координаторот, а за истата беше ангажирано експертско лице кое зборуваше конкретно за темата т.е. помирувањето како концепт и почитување на различностите.

- **Анализа на литература и Национален извештај за ситуацијата во однос на ран детски развој и образование во Македонија**

Во период од февруари до април 2013 година за потребите на проектот беа ангажирани двајца национални експерти кои имаа за задача да направат Преглед на литература врз основа на која изготвија национален извештај за состојбата во однос на раниот детски развој и образованието во РМ. Двајцата експерти имаа одреден временски рок за донесување на документот и за тој период проект координаторот беше во постојана комуникација со истите. Од кога извештајот беше изготвен истиот беше даден на превод (од мак на анг.) и доставен до регионалниот проект лидер со цел преглед и ревизија.

- **Медиумско претставување на проектот**

- Гостување на радио МРТВ за презентација на проектот. - Непосредно после Конференцијата, на почетокот на месец март, ПДАС Меѓаши доби покана да гостува на националното радио на МРТВ во Скопје со цел презентирање на проектот и самата конференција.
- ТВ гостување на ТВ Алфа - Исто така, како последица на добро воспоставените односи со медиумите и важноста на проектот, ПДАС Меѓаши беше поканета да гостува со цел презентација на проектната идеја, целите и очекуваните резултати после завршувањето на проектот.

- **Организациски работи за проектот**

Изготвување на буџетска документација, средување на доставени фактури, набавка на материјали, пополнување на timesheet, изготвување на квартален наративен извештај, правење листи за состаноци со чинители. Потоа во текот на

имплементирање на проектот следуваа средување на записите од состаноците со засегнатите чинители, состанок со програмскиот раководител и Извршен директор, средување на фактури, изработка на Time sheet – ови, подготовка на квартален извештај и финансиски извештај, комуникација со партнерски организации во проектот, комуникација со регионалниот тим лидер.

- **Регионален состанок во Белград**

Во период од 22 до 24 април проектниот тим од Македонија составен од Проект координаторот, Финансовиот менаџер, Програмскиот раководител и Извршниот директот беа поканети да учествуваат на регионалниот состанок во Белград со цел осврт на досегашната 4 месечна работа на проектот. На состанокот беше дискутирано за текот на активностите, идните, активности, буџетот итн. На состанокот беше договорено, секоја партнерска организација да раководи со по една компонента од проектот и да биде во улога на регионален координатор за истата.

- **Состаноци со засегнати чинители**

За да можеме да имаме јасна слика за состојбата во однос на наставната содржина за раниот детски развој се јави потреба да се одржат состаноци со различни засегнати чинители. Како такви ги препознавме градинките, основните училишта, високо образовните институции т.е. Институтот за Педагогија и Педагошкиот Факултет, а што се однесува до правата на децата беа исконтактирани правни лица со кои ПДАС Меѓаши соработува за конкретно за оваа проблематика.

- **Работилница во Скопје**

Во период од 10 до 14 јуни во просториите на ПДАС Меѓаши се спроведе регионална работилница наменета за разработка на компонента 1 – зајакнување на капацитетите на граѓанските организации во однос на Истражување. На работилницата присуствуваа сите партнерски организации со своите претставници како и експертите  кои беа ангажирани за изработка на националните извештаи. Тренингот го одржа регионален експерт за action research. За време на работилницата лицата се здобија со информации за тоа како да спроведуваат истражување во и како полесно да ги планираат своите активности во рамките на проектот.

- **Консултативни состаноци и активности – членство во Мрежата, критериуми и услови**

Во склоп на оваа активност, почнавме со активности во насока на создавање национална мрежа на невладини и граѓански организации кои се посветени на децата и кои промовираат прифаќање на другите и почитување на различностите. Исто така националната мрежа ќе ја сочинуваат и претставници на државните институции, универзитети и тн.

- **Регионален тренинг за градење на капацитетите во полето на застапување и лобирање, Охрид, 30.09-02.10.2013 година**

Регионалниот тренинг за градење на капацитетите во полето на застапување и лобирање се одржа во Охрид, во периодот од 30.09 до 02.10.2013 година. Учесници на овој тренинг беа регионалните координатори од сите партнерски организации. Тренер на овој тренинг беше Драги Змијанац, извршен директор и основач на ПДАС Меѓаши.

- **Состанок на ПРЕЦЕДЕ Мрежата, 30 октомври 2013 година, Скопје**

Состанокот на ПРЕЦЕДЕ Мрежата се одржа на 30.10.2013, во Скопје, во просториите на Дуна клубот на новинари. Беа поканети над 90 учесници-претставници од Министерствата, невладините организации, државните институции, канцеларијата на Народниот првобранител, факултетите, детските градинки.. Учество зедоа 21 учесник.

- **Национален тренинг за истражување, мониторинг и евалуација, 22 и 23 ноември 2013 година, Скопје**

Тренингот се одржа на 22/23 ноември 2013 година, во просториите на хотелот Томче Софка, Скопје. Учество зедоа 23 учесници, претставници на ПДАС Меѓаши, претставници на неколку невладини организации од Македонија, претставници од Министерствата за труд и социјална политика и Образование, претставници од Бирото за образование на РМ, професори од педагошкиот факултет и воспитувачи од неколку градинки од Македонија. Главната цел на овој тренинг беше да се да се развијат знаења и вештини за акционото истражување, како најсоодветно и најважно за употреба во сферата на раниот детски развој и образование.

- **Подготвителен состанок за регионалниот тренинг за алатки во Загреб, 27.11.2013 година, Скопје**

Овој состанок се одржа во Скопје, во просториите на ПДАС Меѓаши, на 27 ноември 2013 година, еден ден пред заминувањето за Загреб, на регионалниот тренинг за алатки. Целта на овој тренинг беше запознавање на учесниците од Македонија, разгледување и дискутирање за агендата, работните материјали како и логистичките детали околу патувањето.

- **Регионален тренинг за алатки, Загреб, Хрватска, 29.11-01.12.2013 година.**

Регионалниот тренинг за алатки се одржа во Загреб, Хрватска, од 29.00 – 01.12.2013 година, во организација на регионалната партнерска организација од Хрватска, ЦЦИ. Предмет на овој тренинг беше хрватскиот прирачник ЕДУ СЕТ посветен на различностите и нивно прифаќање, како и градењето на капацитетите за толеранција, почит и прифаќање на тие разлики, особено кога се работи со претшколски деца.

## *II.4 ПРОГРАМА ЗА МИРОВНО ОБРАЗОВАНИЕ*

Првата детска амбасада во светот – Меѓаши во април 2011. започна со спроведување активности за Мировно образование заедно со партнерската организација KURVE Wustrow од Германија со која има долгогодишна соработка. Проектот има за цел промовирајќи ги Мирот и Ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем да укаже на потребата од вградување на Мировното образование во наставните курикулуми. Како најзначајни активности реализирани во рамките на оваа програма се следните:

- Во периодот од 1-3 Март 2013 во Струмица се одржа семинар во рамките на Програмата за Мировно образование. На семинарот учествуваше групата од гимназијата „Никола Карев", 11 учесници/ки од кои 3 мировни едукаторки, и останатите 4 професори/ки кои се вклучени во програмата. Содржината на семинарот, односно работилничкиот дел беше посветен пред се на евалуација на работата на клубот во Никола Карев и можни планови за идните клубови во други училишта. На семинарот му претходеа содржински и организациски подготовки.

- За потребите за среднорочната евалуација во периодот од 8-15 Март 2013, беа спроведени интервјуа со 25 засегнати чинители, и тоа со лица: од тимот на Меѓаши,

од тимот на Програмата за мировно образование, членови на партнерската организација, професор(к)и од средните училишта кои се вклучени во програмата, мировни едукатор(к)и, раководители и стручни служби на училиштата, ученици/чки, тренер(к)и на обуките,од медиумите, од организации кои работат на истото поле, и од бирото за развој на образованието. На интервјуата им претходеа организациски и содржински подготовки, а после нив, врз основ на добиените податоци беше спроведена анализа и препораки. Врз основа на истите беше подготвен план за понатамошни активности на програмата.

- Во период од 27-29 Март 2013 реализиран е дебатен настан -симулација на Европски парламент во просториите на гимназијата „Никола Карев". Учествуваа ученици и професори од СУГС Никола Карев", СУГС„Ѓорѓи Димитров".СУГС „Орце Николов" и СУГС „Јосип Броз Тито". Фокусот на активноста беше користење на методот-дебата- како алатка за разршување на конфликти.

- На тренингот за „Планирање за промена", кој се одржа во Кичево во период од 25 Мај-02 Јуни 2013 во рамките на проектот Youth in Action, екипата на Програмата за мировно образование беше вклучена во својство на тренери. Пристапот на работа беше работилнички а се разработуваа теми кои содржински се блиски со програмата на мировно образование. Фокус на работата беше ненасилна трансформација на конфликти.

- По повод 4ти Јуни-Меѓународен ден на децата жртви од агресија пратено е соопштение до медиуми. Информацијата беше проследена од повеќе од 11 медиуми. Воедно истиот повод беше добиена покана за гостување на емисијата „Низ Призма" во ТВ Сонце на која гостуваше членка на екипата на програмата за мировно образование.

- Повеќе за состојбата со насилството во училиштата и ефектите од спроведување на програмата за Мировно образование соопштивме на прес конференцијата на која ги презентиравме резултатите од Анализата на истражувањето која се одржа на 10 Јуни 2013. На истата се обратија следниве говорници/говорнички:

- Заклучни согледувања и препораки, Драги Змијанац – извршен директор на Првата детска амбасада во светот Меѓаши,
- Осврт на главните наоди од компаративната анализа, Ѓорѓи Кимов Советник за истражувања БРИМА - Скопје
- Искуства од работата на Мировниот клуб, Гордана Спиридонова Блажевска – психолог во Гимназијата "Никола Карев" во Скопје
- Осврт на работата на Мировниот клуб, Ријад Ајро поранешен член на

мировниот клуб во СМУГС "Д-р Панче Караѓозов" Скопје
Беше проследена од вкупно 9 медиуми.

- По прес конференцијата на 10 Јуни на која ги соопштивме резултатите на истражувањето спроведено во 5 средни училишта во Скопје, бевме поканети да гостуваме на утринската емисија на МРТВ, наредниот ден на 11 Јуни.

- Особено во периодот од Јуни-Август 2013 редовни и интензивни состаноци беа реализирани со директор(к)ите, стручните служби и наставниот кадар во училиштата кои беа планирани да бидат вклучени во Програмата за Мировно Образование. Целта на тие состаноци беше да се претстави програмата за Мировно Образование и начините на кои тие би можеле да се вклучат во истата. Во текот на периодот од Септември-Ноември тековни состаноци беа реализирани со истите со цел да бидат повеќе информирани и вклучени во реализацијата на активностите на програмата.

- Координацијата со невладини организации кои работат на иста/слична проблематика ни е важна и значајна, особено во периоди кога се планира да ја прошириме нашата работа во повеќе училишта и повеќе градови. Целта на овие состаноци беше да се издискутира во кои училишта работиме/дејствуваме ние а во кои тие, што се работи во училиштата, како и потенцијали за соработка.

- Целта на тековните состаноци со професор(к)ите вклучени во програмата е да се следи работата во школите, и да им се даде подршка во процесот на планирање, подготовка и реализирање на активностите. Овие состаноци се реализираат со сите професор(к)и вклучени во програмата, и од училиштата кои беа вклучени во првата фаза на проектот и со професор(к)ите кои се вклучија во оваа втора фаза на проширување.

- Во периодот од 26-30 Август, 2013, реализиран е првиот Базичен Тренинг за Мировно Образование. Се одржа во Кичево, во хотел „Куќа на Уметноста". Учествуваа 19 професор(к)и од средните училишта од Велес, Скопје, Гостивар и Дебар кои се дел од програмата. Методот на работа е интерактивен и партиципативен.

- Во периодот од 11-15 Септември, 2013, реализиран е вториот Базичен Тренинг за Мировно Образование. Се одржа во Кичево, во хотел „Куќа на Уметноста". Учествуваа 20 нови професор(к)и од истите средни училишта од

Велес, Скопје, Гостивар и Дебар кои се дел од програмата. Методот на работа е интерактивен и партиципативен.

- Во склоп на „Неделата на Детето“ во текот на Октомври, заедно со директниот сервис за поддршка на деца – СОС телефонот за деца и млади, беа реализирани работилници за детски права и мировно образование со деца од градинки и ученици од основни училишта. А во текот на Ноември беа реалзирани работилници со средношколци. Методот на работа е интерактивен и партиципативен. Дел од градинките и основните училиштата кои ги посетија просториите на Меѓаши во тој период беа: „Весели Цветови“, „Димитар Миладинов“, „Љубен Лапен“, „Јан Амос Коменски“, „Блаже Конески“, „Димитар Беровски“, „Мирче Ацев“, „Браќа Миладиновци“, „Ристо Крле“, „Ѓоѓија Пулевски“, и др. Во Ноември работилници конципирани за средношколци беа реализирани со ученици од средното училиште „Алгоритам“. Се вкупно на работилниците учествуваа повеќе од 550 деца и млади.

- Програмата за мировно образование има компонента за јакнење на организациските капацитети за мировна работа. За таа цел предвидено е учество, на вработените во Меѓаши, на различни обуки и тренинзи специјализирани за надградување на знаења и вештини за мировна работа. Мировните работнички кои работат на оваа програма оваа година, во текот на Октомври и Ноември 2013 учествуваа на следните обуки: „Проект менаџмент за мировна работа: планирање, мониторирање и евалуација“, „Вештини за фацилитирање и тренерство“, и „Безбедносен менаџмент за мировна работа во конфликтни зони“ организирани од партнерската организација Kurve Wustrow од Германија.

- Во текот на Ноември беа реализирани две тренинзи за Детски Права и Мировен Активизам. Учествуваа две различни групи на професор(к)и составени и од оние кои беа вклучени во првата фаза на проектот како и од тие што беа вклучени во втората фаза на проектот. Првиот тренинг се одвиваше од 13-16 Ноември, 2013, во Струмица. Вториот тренинг се одвиваше во периодот од 22-25 Ноември, 2013 во Берово. На истиот учествуваа (број) на професор(к)и.

- Во периодот од 04-07 Декември, 2013, беше реализирана Планирачка работилница за Програмата за Мировно Образование. Целта на оваа работилница беше да се испланираат следните две години и да се олесни

интегрирањето на новите членови на тимот во програмата. На оваа работилница активно учествуваа и претставници од нашата партнерска организација Kurve Wustrow, од Германија.

## III. ПРОМОЦИЈА И ОДРЖЛИВОСТ НА ПРВАТА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ

### *III.1. Промоција на социјалната одговорност*

Првата детска амбасада во светот Меѓаши и во 2013 година продаваше новогодишни честитки. Средствата што се собраа од продажбата на новогодишните честитки се наменети за работа на Бесплатниот СОС телефон за деца и млади 0800 1 22 22, Борба против педофилија и секаков вид насилство врз децата, Дневен центар за деца кои не одат на училиште и Бесплатна правна служба.
И во текот на 2013 година касичките од Детската амбасада Меѓаши беа поставени на повеќе локации во Скопје и поголемите градови во Р.Македонија. Им благодариме на граѓаните што со секоја нивна донација во касичките, ја покажаа нивната желба да ја поддржат работата на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши.

**- Подготвување на Извештај за продажба на новогодишни честитки**

По завршувањето на новогодишните празници и продажбата на новогодишни честитки беше изработен Извештај за постигнатите резултати. Овој извештај се изработува секоја година со цел евиденција на резултатите низ годините, зачувување на компаниите кои не подржуваат преку купување новогодишни честитки и анализирање на направените трошоци за активноста. Со помош на овие извештаи можеме попрецизно да ги предвидиме идните трошоци како и добивка од оваа активност.

**- Анализирање на постигнати резултати во претходната година**

Анализата се состои од сублимација на сите постигнати резултати на секторот како што е собирање на приходи од донации, касички, честитки, специјални настани. Бидејќи овој сектор како дел од ПДАС Меѓаши работи подолго време организацијата веќе има одредени очекувања кои би требало да се постигнат секоја година. На овој начин се анализира ефикасноста на секторот за време на една година.

**- Испраќање барања за донации за активностите на Првата детска амбасада во светот Меѓаши**

Бидејки директинте сервиси за помош кои функционираат во Првата детска амабсада Меѓаши не секогаш се проектно покриени, како и потребата од дополнителни активности на Амбасадата, се праќаат барања за донцаии со цел спроведување на истите. Според потребите, доколку нема храна за Дневниот центар, доколку се потребни средства за работата на СОС телефонот, доколку се потребни производи за анимирање на децата од Дневниот центар или за други активности се праќаат барања до компании со цел обезбедување донации. До сега испратени се од 50 до 100 барања до поголеми компании најчесто по пошта, но и електронски. По испраќањето на барањата се контактираат компаниите дали го добиле нашето барање и дали одлучиле да ги поддржат нашите директни сервиси и активности.

**- Обезбедување донации**

Во 2013 добиени се голем број донации. Секој месец во Првата детска амабсада Меѓаши граѓаните на општина Аеродром најчесто донираат облека и обувки. Граѓаните се запознаени со работата и активностите кои ги спроведуваме како и со тоа што делиме облека и обувки, а понекогаш и храна, на социјално загрозени случаи, и со цел да помогнат носат она што не им е толку потребно, а не некој друг му е од големо значење. Другите донации од граѓаните се финансиски кои се прибираат преку касичките за донација поставни во маркети, банки, хотели и на други фрекфентни локации. Овој начин на самофинансирање е многу важен за работата на Амбасадата и со помош на граѓаните многу од активностите се реализирани, а исто така и директните сервиси за помош работат без прекин делумно благодарение на овие донации. Како обезбедени донации од компании се:

- Договор со ПОДРАВКА склучен на 20 март за донација од 5000 пудинзи (дел за Дневниот центар и дел дадени по други институции)
- Договор со пекара ВАТАША склучен на 1 април за донација од бели пецива еднаш неделно примени за периодот Јануари – Април.
- Договор со пекара ВАТАША склучен на 1 април за донација од бели пецива еднаш неделно за период Мај - Јуни
- Договор со ДОНИА склучен на 29 мај за донација од бисквити во вредност од 10.000 денари
- Договор со БИМИЛК склучен на ден 30 мај за донација од 10 пакети мелко

- Договор со ПРОМЕС склучен на ден 31 мај за донација од прехрамбени производи во вредност од 3.000 денари за наредните 7 месеци
- Договор со АДИНГ склучен на 23 август за донација на молеро – фарбарски производи во вредност од 200 евра за реновирање на просториите кои ги посетуваат децата од дневниот центар
- Договор со слаткара Канела прима склучен на 21 август за донација на торта за првиот роденден на Леонид едно е двете дечиња на самохраната мајка која беше привремено згрижена во ПДАС Меѓаши
- Договор со Карат - М склучен на 27 август за донација садопер за кујната на ПДАС Меѓаши
- Обезбеден превоз за период од два месеци – од такси компанија, за задоволување на здравствените потребите на дете со комбинирани пречки во развојот, поради неможност на институциите на државата да обезбедат или родителите сами да го издржат трошокот.
- Како дел од договорот склучен со ПРОМЕС на ден 31 мај 2013 година, во периодот Јули – Декември неколку пати беа обезбедени производи за децата од дневниот центар.

**- Давање на донации**

Бидејки примената донација од ПОДРАВКА беше со голема количина ПДАС Меѓаши реши да ја распредели и на други инстутции со цел употреба на произвотите. Институции на кои се донираа пудинизи од Подравка беа: „Детски дом 11 Октомври“, „ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми 25 Мај Скопје“, „ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци Ранка Милановиќ Скопје“ и „СОС Детско село Скопје“. Во овој период беше даден и подарок – работно биро на „ЈУ Завод за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци Ранка Милановиќ Скопје“. Треба да се спомене и дадените донации на сите оние граѓани кои дојдоа во нашите простории овој период да побараат облека и обувки.

**- Промена на полните каси за донации поставени во маркети, банки, хотели**

Во 2013 беше вршена редовна промена на касичките за донации. Беше направена обиколка низ западна, источна и централна Македонија за да се променат полните каси со празни.

**- Поставување каси за донации на нови локации**

На нашите барања за поставување касички за донации на нови локации позитивно одговорија и веќе се поставија каси во:

- Спортски центар Борис Тарјковски ( Куглана и Базен)
- Аеродром Александар Велики (ТАВ) на две локации
- Skopje Sity Mall две каси

***III.2 Промоција на работата и активностите преку социјалните мрежи и веб страната на Детска амбасада Меѓаши***

**- Ажурирање на веб страната и социјалните мрежи Facebook, Flicker, Twiter Youtube, Google +, linkedin, Tumbir, Pinterest, Stumbleupon, MySpace, Reddit, Newsvine, LiveJournal and Worldpress ….**

Веб страната на Првата детска амбасада во светот Меѓаши како и социјалните мрежи се редовно ажурирани и секогаш може да се разгледаат актуелните активности на амбасадата. Сметаме дека ваквиот начин на промоција на работата и актуелностите поврзани со децата е многу важна од аспект на ефикасност поради масовното користење на истите. Скоро секоја активност се внесува на страната и на социјалните мрежи како и сите видеа на youtube што воедно преставува и архива за досегашната работа.

***III.3 Организирање на специјални настани за прибирање средства***

**- Организирање специјален настан "The Global Party"**

The Global Party е светски најголем настан за прибирање фондови за граѓански организации кој се одржува во преку 120 градови во светот на преку 360 локации кој овозможува преку 360 граѓански организации да генерираат приходи за својата работа. Националниот ресторан Македонска Куќа беше избран за домаќин на настанот кој потоа ја одбра Правата детска амбасада во светот Меѓаши за примател на донациите собрани од одржувањето на овој настан. Како дел од настанот секторот за промоција и одржливост беше целосно фокусиран на организирањето на настанот и обезбедување на сите потребни елементи за успешна реализација. Во текот на 3 месеци додека се подготвуваше настанот во соработка со Националниот ресторан Македонска Куќа беа контактирани многу фирми и граѓани, имавме настапи на телевизија, неколку веб портали го највија настанот. Обезбедивме Уметнички слики од познати македонски автори чии слики се продаваа за време на

настанот, обезбедивме донација од штафелаи за сликите како и две паноа кои беа поставени на влезот од ресторанот. Музичката програма беше предводена од Драган Даутовски, а потоа следеше и оркестар од 10 музичари кои свиреа на традиционални македонски инстурменти. Поканети беа преку 500 гости за овој настан, а земаа учество околу 80 што беше помалку од нашите очекувања. Како планирана бројка на гости беше 100 до 150 заради што и беа собрани помалку средства од очекуваното. Генерално овој настан беше успешен и се течеше според претходно предвиденото.

***ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ***

- *На повеќе од 100 јавувачи на СОС линијата и на бесплатната правна служба им беше обезбедена помош, поддршка и информации кои се однесуваат на детските права (види www.childrensembassy.org.mk*

- *8 волонтер(к)и беа обучени за работата на СОС линијата и Дневниот центар обезбедувајќи помош и поддршка за јавувачите и децата.*

- *Изработен е Мониторинг извештај за детските права во Македонија, врз основа на препораките на Комитетот на ОН за детските права.*

- *Три деца кои го посетуваат Дневниот центар се запишани во редовниот образовен систем.*

- *На повеќе од 170 лица им беше обезбедена директна поддршка и помош со донации за храна, обувки, и облека.*

- *5 професо(к)и, две мировни едукатор(к)и и група од над 30 ученици активни во школските Мировни клубови беа обучени во полето на Мировното образование.*

- *На 28 млади од 8 европски држави им беше овозможен тренинг Младите во Акција (Youth in Action) во кој тие споделија искуства и знаење и се обучија за тоа како да се справат со конфликти користејќи ненасилство во регионите каде живеат.*

- *Детската амбасада МЕЃАШИ стана дел од регионалната ПРЕЦЕДЕ мрежа (Партнерство за помирување преку рано детско образование и развој во Европа) во рамките на ЕУ ИПА.*

- Тројца нови луѓе се вработени во тимот на Детска амбасада Меѓаши со што се постигна комплетирање на поставената организациска структура. Вработени се раководител на канцеларија, раководител на финансии и раководител за развој на програмско и институционално финансирање. Со вработувањето на лица на овие работни позиции се постигна зајакнување на самата организација со што се очекува поголемите резултати да бидат видливи во иднина.

- дистрибуиран Годишен извештај на над 10.000 електронски адреси

- презентиран Годишен извештај во 9 електронски и пишани медиуми

- Повеќе од 5000 граѓани дополнително се информираа за СОС телефонот за деца и млади

- Повеќе од 550 деца проследиле работилница за правата на децата

- 10 случаи на пријавени можни кршења на правата на децата добиле правна поддршка

- 25 деца редовно ги користеа услугите на Дневниот центар

- На 2 деца им е обезбедена неопходна здравствена грижа и третман.

- 80 деца имаа можност со насмевка да ја дочекаат новата година и тие како и сите останати да добијат новогодишно пакетче.

- 45 професор(к)и, се обучени во полето на Мировното образование.

- На 2 волонтери од Шведска преку програмата Европски волонтерски сервис им е овозможено волонтирање во Дневниот центар за деца кои не одат во училиште

- 30 воспитувачи од градинките во Македонија се обучени за применување на Прирачник за почитување на различностите наменет за децата од прретшколска возраст; резултат постигнат преку регионалната ПРЕЦЕДЕ мрежа (Партнерство за помирување преку рано детско образование и развој во Европа) во рамките на ЕУ ИПА.

- *Обезбедување на обувки за 35 деца кои го посетуват Дневниот центар и неопходна медицинска помош.*

- *Семејствата на 24 деца добија поддршка во вадење на лична документација*

- *Воспоставена е соработа со желба за понатамошни заеднички активности со две државни училишта за деца со посебни образовни потреби „Иднина“-Скопје и “Др Златан Сремац“-Скопје*

- *Воспоставена е заедничка соработка со желба и можност за понатамошна соработка со две здруженија за деца со посебни образовни потреби „Во мојот свет“ и „Отворете ги прозорците“.*

- *Зголемена е свеста кај родителите на 5 деца со посебни образовни потреби за значењето на навременото интервенирање, како и потребата од развивање на личносните потенцијали на детето.*

- *Родителите на 5 деца со посебни образовни потреби се информирани каде треба да се обратат како и какви се процедурите доколку сметаат дека правата на нивните деца се прекршени.*

- *Родителите на едно дете кое го посетува Дневниот центар за деца кои не се вклучени во редовен образовен процес, кај кое има сомнеж за развојни отстапувања, беа информирани за постапката за категоризација и беа информирани дека нивното дете сепак, и доколку се докажат развојни нарушувања од страна на соодветни институции, може да посетува училиште и да се развива во согласност со неговите личносни потенцијали.*

- *14 организации - членки на неформалната Коалиција за правата на детето се зајакнати во делот на мониторирање на детските права*

- *15 членови на Коалицијата се обучени за подготовка на Извештај за состојбата со правата на децата*

- *65 основни училишта се вклучени во спроведеното истражување за правата на децата со посебни образовни потреби*

- *23 градинки се вклучени во спроведеното истражување за вклученоста на децата Роми во предучилишно образование*

- *250 примероци се испечатени и дистрибуирани до невладини организации и државни институции*

- *25 релевантни чинители од областа на раниот детски развој се информирани за проектните активности на регионалната програма и за нејзината цел и значење.*

- *Изготвен Национален Извештај за состојбата во однос на раниот детски развој и образованието во Македонија*

- *Во училиштата кои се дел од Мировното образование заедно со засегнатите страни, преку серија на обуки и активности, успеавме да имаме сенсибилизиран кадар за ненасилна комуникација и мировно образование. Значајно за нас е особено интересот на нови професори за да се вклучат во програмата.*

- *Учениците не само што покажуваат интерес за мировен и ненасилен активизам туку самоиницијативно превземаат одговорност и делуваат во нивните домови, училишта и населби. Се интересираат за техники и алатки за спроведување на ненасилни акции, и креираат нови кои соодветствуваат на нивните потреби и на нивниот училишен и општествен контекст. Исто така се активни и во онлине просторот промовирајќи култура на мир и ненасилство.*

- *Во анализата на наодите од анкетата „Довербата во институциите и во граѓанското општество во Република Македонија", кои се однесуваат на граѓанското општество, спроведена од МЦМС , ПДАС Меѓаши за прв пат беше препознаена од граѓан(к)ите на Република Македонија, помеѓу другото, и како организација која допринесува за градење на мултикултурно општество.*

Изготвил: Катерина Конеска – Раководител на програми

К. Конеска

Одобрил: д-р Драги Змијанац – Извршен директор и основач